*ЈОВАН КОРУБИН*

# ПРАВОТО ВО МАСОВНОТО КОМУНИЦИРАЊЕ

За улогата на средствата за масовно комуницирање во процесите на информирањето е пишувано многу. Таа нивна улога е, притоа, разгледувана од различни аспекти — социолошки, психолошки, педагошки и сл., па се до најновите кибернетски теории. Во рамките на таквите истражувања правени се обиди да се анализираат и одделни видови на информации кои, со нивна помош, се пренесуваат до различните општествени субјекти.

И она што е предмет на овој труд се вклопува, на одреден начин, во рамките на таквите истражувања. Имено, станува збор за специфичната улога на средствата за масовно комуницирање во информирањето за правните прописи во општеството, за што и во друга прилика сме пишувале.[1] Всушност, целта ни е, овој пат да ги утврдиме посебностите на овој вид информирање и колку е тоа информирање составен дел на дејството на овие средства, со што и самото прашање се поставува во социолошки рамки. Ова дотолку повеќе што теоријата на информациите, особено во нејзината математичко-кибернетска варијанта, не може да ни даде поопределени социолошки сознанија за одделните видови информации не само поради фактот што таа го запоставува содржинскиот аспект на информацијата, туку и поради апстрахирањето на реалните општествени односи во кои се одвиваат комуникациските процеси. Оттука, според нас, во право се оние автори кои истакнуваат дека во изучувањето на проблемот на информирањето не треба да се игнорира т.н. „журналистичка етапа“.[2]

1) в. Некои социолошки аспекти на правната комуникација, Годишен зборник на Филозофскиот факултет кн. 11/1984 год., Печатот и информирањето за правото во самоуправното општество, сп. „Трета програма”, Скопје, 20/1984 год.

2 в. Афанасьев В. Г. — Урсул А. Д., Социальная информация, сп. „Вопросы философии” 10/74, стр. 62.

Во таа смисла ако правниот систем може да се спореди со една сложена духовна градба, тогаш е јасно колкава е улогата на средствата за масовно комуницирање во интеракцијата на бројните општествени субјекти кои учествуваат во нејзиното подигање и постојано усовршување.[3] Не е помала улогата на овие средства и во обезбедувањето на функционирањето на тој систем. Дејствувајќи на свеста на поединците, информацијата може, понекогаш, да има поголем ефект врз остварувањето на правото, од неговото директно спроведување од страна на државните и други органи. Низ средствата за масовно комуницирање правната норма добива поширока општествена интерпретација, подложна е на судот на јавноста која брзо реагира давајќи оценка за неа и за тоа дали таа ја одразува општествената стварност.

Во поглед на тој ефект печатот има некои предности во однос на другите средства за масовно комуницирање — телевизијата и радиото. Тоа што еднаш печатените содржини остануваат трајни, што можат да се читаат и по неколку пати тогаш кога се има време и каде што тоа се сака е една од тие предности. Информацијата за правото бара, имено, поаналитички пристап од страна на реципиентот, можност таа да се прочита и по неколку пати, да се размислува за нејзината содржина. Правната норма, како творба од нематеријален карактер и како логичка конструкција не може веднаш да се апсорбира во свеста на поединецот, да се сфати. Од друга страна, печатот најчесто, информира поопширно и поисцрпно, што е за сфаќањето на правната норма исто така значајно. Радиото и телевизијата ја имаат, навистина таа предност да му претходат на печатот, но таа нивна предност кај информирањето за правото не е од такво значење како кај другите настани поради тоа што правната норма е релативно потрајна творба за чие сознавање е, сепак, потребно подолго време.[4] Реципиентот преку печатот, понатаму, ја има можноста да дознае нешто повеќе за причините за донесувањето на определен правен пропис, подетално да се запознае со неговата содржина, да го дознае мислењето на законодавецот и на правните стручњаци за него и повратно, преку страниците на печатот, да реагира на самите правни решенија. Во услови на се уште неразвиена

---

[3] Интересни се, во таа смисла, забелешките на В. И. Ленин кој многу сликовито, го споредува, печатот со скелињата кои се подигнуваат околу зградата која се гради, кој ја олеснува врската помеѓу одделните ѕидари, им помага да ја распределат работата и да ги видат општите резултати постигнати со организираната работа, (v. Lenjin, V. I., Šta da se radi „Svjetlost" Sarajevo 1976, стр. 150). Подоцна и основачот на кибернетиката Норберт Винер во својата книга „Кибернетиката и општеството" ќе направи слична споредба наведувајќи ги комуникациите како „цемент кој го врзува општественото ткиво".

[4] Таквата констатација ја потврдуваат и некои емпириски истражувања — в. Извештај од истражувањето „Јавното мислење во СР Македонија 80'", стр. 19 и понатаму, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања Скопје, 1981 год.

мрежа на радиото и телевизијата, печатот и понатаму останува најдобро средство за информирање на сите општествени нивоа: преку печатот на здружениот труд се обезбедуваат информации за т.н. автономно или самоуправно право, преку локалниот печат за одлуките на општинските собранија, а преку т.н. голем печат за правото што се однесува на глобалната општествена заедница. Најпосле, печатот користи и посебни рубрики во кои објавува прилози на правни стручњаци за определени актуелни правни прашања.

И самата информација за правото во средствата за масовно комуницирање има свои специфики. Пред се таа мора да содржи податоци за некоја нова правна норма или пропис. Информацијата за веќе постоечка правна норма, освен во случаите на нејзино повторно актуелизирање, не е информација за правото во смисла на информација која се дава во средствата за масовно комуницирање и покрај тоа што и таа норма може, за одделни субјекти, да биде нов податок. Тоа особено и поради познатиот правен принцип дека незнаењето на нормата не оправдува (ignorantia legis non excusat).[5] кој, барем во правна смисла, го побива основното правило на теоријата на информациите дека се што е, како податок, ново за поединецот е, за него, и информација.[6] Од правна гледна точка, значи, се претпоставува дека поединецот го познава веќе постоечкото право. Информацијата, пак, за кршењето на определена правна норма, иаку го содржи елементот на новост, не е информација за правото туку информација за однесувањето на субјектот наспроти определена правна норма. Информацијата, понатаму, треба да биде вистинита. Кај информирањето за правото тоа е особено значајно бидејќи со невистинита информација многу субјекти можат да бидат доведени во заблуда што, понекогаш, може да има поголеми последици отколку објавувањето на невистинити податоци за некој друг настан.[7] Во врска со тоа се поставува и прашањето за т.н. неутрализам на информацијата за правната норма во однос на самото право. И покрај тоа што правото, како веќе даден факт, има и без посредувањето на информацијата, сопствена вредносна димензија, преовладувањето на чисто информативните облици и содржини во информацијата доведува до тоа средствата за масовно комуницирање да се појавуваат само како трансмисија на правната норма, како средства за публикување на правото, а не и како средства за неговото

[5] За односот на ова правило и информирањето види го нашиот труд „Некои социолошки аспекти на правната комуникација" наведен во фуснота 1.

[6] Некој царински пропис може да биде објавен во зимскиот период, но веста за него може да биде поактуелна лете, кога голем број на туристи патува надвор од земјата. Од друга страна, при внесувањето на некоја стока во земјата субјектот може да биде информиран за тоа и на самата граница, но за него тоа не е вистинска информација, бидејќи ја осознал предоцна.

[7] Веста, на пример, дека во некоја сообраќајна несреќа загинале 20 лица, а загинале помалку, нема веднаш да има такви последици како веста со невистинити податоци за стапувањето на сила на некој царински пропис со кој се ограничува внесувањето на определена стока во земјата.

обликување, за обликување на правната култура и правната свест. Информацијата, во тој поглед, не треба да содржи само факти — што нормата пропишува, како тоа го пропишува и кој тоа го пропишува — туку и зошто тоа се пропишува. Дури информацијата и да биде сведена на голи факти, при нејзиното обликување и селекција секогаш се присутни определени вредносни елементи, без разлика дали нејзиниот творец е свесен за тоа или не е. Во таа смисла и кај информирањето на правната норма, како и кај другите видови на информации, идејниот неутрализам е скоро невозможен.[8]

Печатот, како и другите средства за масовно комуницирање е, пред се, врзан за актуелниот настан. Неговата функција, според тоа, најповеќе се изразува низ следењето на дневните настани, на вкупната општествена активност во нејзиниот тек. Тоа значи дека тој е свртен и кон актуелностите во нормативната сфера. Можно е, оттука, и низ самата информативна активност да се следи и активноста на законодавен план. Меѓутоа, законодавната дејност, не е секогаш во потполност „покриена" со информации. Затоа, степенот на информираноста на субјектите за таа дејност, покрај другото, зависи и од односот на законодавната дејност и бројот на објавените информации.

При извесни наши анализи на „покриеноста" на законодавната дејност со информации ние утврдивме дека во дневниот печат во СР Македонија таа „покриеност" е нешто над 60 проценти.[9] Тоа

[8] Кај информирањето за правото има и такви информации кои ништо конкретно не кажуваат за самото право. Еве неколку примери за тоа:

Пример 1: Извршниот совет, на денешната седница, ги усвои и предлозите на некои законски текстови. — Во овој случај во информацијата се наведува само тоа дека се усвоени некои законски текстови, но нема никакви податоци за кои законски прописи се работи, ниту од која област се тие Ваквите информации се, очигледно, сосема незначајни за реципиентот.

Пример 2: СОК не презеде мерки, предвидени со законот за СОК, за наведената фабрика да ги изврши своите финансиски обврски кои произлегуваат од Законот за привремено располагање со средствата остварени со зголемувањето на цените на цигарите. — И во една ваква информација не се прецизира за какви мерки се работи кои СОК морал да ги преземе според законот, ниту се прецизира за какви финансиски обврски се работи, а кои произлегуваат од важечкиот закон. И во овој случај информацијата е некомплетна и безначајна.

Пример 3: Беше разгледана и информацијата за спроведувањето на Законот за задолжително примање на приправници. Особено е истакнат податокот дека во наведениот рок биле вработени скоро 40.000 приправници. И при ваквата информација ништо не се наведува за односниот закон, туку таа се однесува само на последиците од неговото спроведување.

Би можело, секако, да се наведат многу вакви примери кога, во суштината, печатот не ја дава вистинската информација и кога не ја исполнува својата улога на информатор, но и овие неколку примери се доволни за илустрација.

[9] Кај локалниот печат и печатот на здружениот труд, кој исто така беше предмет на нашата анализа, „покриеноста" на нормативната дејност во односните средини е скоро безначајна. Така, на пример, во 1974 и во 1976 година во

значи дека печатот, сепак, не информира за сите донесени закони, туку само за оние за кои се смета дека се од поширок интерес. Пред се, тоа се законите од системски карактер, но не изостануваат и информации за законите кои не се од тој карактер но кои, сепак, регулираат значајни односи во општеството. Најчесто не се информира за понезначајните закони за измена и дополнување на веќе постоечките закони — за оние измени и дополнувања кои не се од суштински карактер, кои се од терминолошка природа за кои се смета дека е доволно ако бидат публикувани во службените изданија. Тоа го потврди и тематската анализа на информирањето.[10] Иако нашата анализа се однесува на периодот 1974 до 1978 година, сепак интересно е да се види како, по години, изгледа тој однос помеѓу законодавната дејност и информирањето за неа, под претпоставката дека дневниот печат не информира само за законите кои се донесени во односната година или период, туку и за веќе донесени закони или закони чие донесување е во тек, ние тој однос го утврдивме на тој начин што го споредивме бројот на донесените сојузни и републички закони во секоја година посебно со бројот на законите кои биле третирани на страниците на печатот, со тоа што ги додававме кон законите донесени во текот на годината оние закони кои веќе биле донесени порано или кои биле во тек на донесување. Еве како изгледаше таа „покриеност" по одделни години:

ТАБЕЛА 1

Односот на законодавната и информативната дејност

| Година | Донесено + третир. | Вкупно | Информ. + третир. | Вкупно | % |
|---|---|---|---|---|---|
| 1974 | 144+ 36 | 180 | 61+ 36 | 97 | 53,9 |
| 1975 | 107+ 85 | 192 | 55+ 85 | 140 | 72,9 |
| 1976 | 162+ 33 | 195 | 67+ 33 | 100 | 51,3 |
| 1977 | 153+ 49 | 202 | 76+ 49 | 125 | 61,9 |
| 1978 | 124+ 49 | 173 | 65+ 49 | 114 | 65,1 |
| Вкупно: | 690+252 | 942 | 324+252 | 576 | 61,1 |

„Битолски весник" (кој, попатно речено, излегува редовно) било информирано само за 4 одлуки на општинското собрание, а биле донесени вкупно 176. Во листот „Наш весник" од Куманово (кој, исто така, излегува редовно) за истите години било информирано за 36 одлуки, а биле донесени 139. Треба да се каже дека во поглед на евиденцијата на донесените одлуки во многу општини таа не е средена и дека тешко беше да се дојде до поцелосни податоци. Слична е ситуацијата и во здружениот труд.

[10] Резултатите од тематската анализа овде не ги изложуваме. Меѓутоа, можеме да го наведеме податокот дека од вкупно 366 сојузни и републички закони кои во анализираниот период биле донесени, а за кои не се информирало, 162 се од таква природа. Нивното публикување, во постоечките службени изданија се јавува, во таков случај, како достатно.

(Во првата колона е годината, во другата е даден бројот на законите кој биле донесени во таа година, законите за кои било информирано а кои не биле донесени во таа година, во третата колона е вкупниот број на законите, во четвртата бројот на законите кои биле донесени а за кои било информирано а не биле донесени во односната година, во петтата колона вкупниот број на законите за кои било информирано, а во последната колона е процентот на „покриеноста" на законодавната дејност).

Интересно е да се наведат и податоците за „покриеноста" на сојузната законодавна дејност, од една страна, и републичката законодавна дејност од друга страна. Еве што покажа анализата:

ТАБЕЛА 2

Односот на законодавната и информативната дејност (сојузни закони)

| Година | Донесено+третир. | Вкупно | Информ.+третир. | Вкупно | % |
|---|---|---|---|---|---|
| 1974 | 50+ 16 | 68 | 14+ 16 | 30 | 45,5 |
| 1975 | 61+ 43 | 104 | 33+ 43 | 76 | 73,1 |
| 1976 | 100+ 20 | 120 | 41+ 20 | 61 | 50,8 |
| 1977 | 65+ 31 | 96 | 37+ 31 | 68 | 70,8 |
| 1978 | 65+ 21 | 86 | 30+ 21 | 51 | 59,3 |
| Вкупно: | 341+131 | 427 | 155+131 | 286 | 67,0 |

ТАБЕЛА 3

Односот на законодавната и информативната дејност (републички закони)

| Година | Донесено+третир. | Вкупно | Информ.+третир. | Вкупно | % |
|---|---|---|---|---|---|
| 1974 | 94+ 20 | 114 | 47+ 20 | 67 | 58,8 |
| 1975 | 46+ 42 | 88 | 22+ 42 | 64 | 72,7 |
| 1976 | 62+ 13 | 75 | 26+ 13 | 39 | 52,0 |
| 1977 | 88+ 18 | 106 | 39+ 18 | 57 | 53,8 |
| 1978 | 59+ 28 | 87 | 35+ 28 | 63 | 72,4 |
| Вкупно: | 349+121 | 470 | 169+121 | 290 | 61,7 |

Се гледа дека и кај информирањето за сојузните закони и кај информирањето за републичките закони нема поголеми отстапувања. Тоа што е сојузната законодавна дејност нешто повеќе „покриена" со информации е, за наведениот период, резултат на тоа што тогаш беа донесени повеќе сојузни системски закони. Може, значи, да се заклучи дека дневно-информативниот печат во основата е во тек со законодавната дејност и дека, во таа смисла, претставува значаен фактор во информирањето за законите. Свртеноста на овој печат, меѓутоа, кон дневниот настан, доведува до тоа релативно добро да се информира за процесите на подготовката на законските прописи и за самото нивно донесување, но тоа не може

да се рече и за информирање и по усвојувањето на законите, за нивната содржина која и по тоа останува, често пати, актуелна. Нашата анализа, во таа смисла, покажа дека најголемиот број на информации (78%) се однесува на законите пред тие да бидат усвоени, додека по нивното усвојување бројот на информациите значително опаѓа (14%). Анализата ,секако, немаше претензии да се утврди и степенот на информирањето за процесот на остварувањето на правото, за животот на нормата, но и информирањето за самата норма по нејзиното стапување во сила веќе само по себе зборува дека печатот не е најсоодветно вклучен во процесот на нејзиното остварување. Зашто, важечката норма е секогаш и сегашна па, според тоа, и актуелна. Не станува, всушност, збор само за информирањето за определени иновации во правото, туку и за информирање за веќе постоечкото право и тоа за информирање во вистинското време и за оние субјекти за кои се укажува потреба.

Може, сепак, да се констатира дека печатот во основата ја исполнува својата функција кога се работи за информирањето за законите. Квантитативната анализа, се разбира, не е доволна за да се добие реална претстава за степенот на информираноста на општествените субјекти. Таа, треба, да биде надополнета и со квалитативни показатели — како што е тематската анализа, анализата на „јазикот" на информацијата, облиците на информирањето и сл.[11] Од друга страна и неселективниот однос кон информациите може, често, да предизвика обратен ефект од очекуваниот — да доведе до дезориентација или до презаситеност, а со тоа и до пасивизација на субјектот. Во тој поглед не треба да се падне во заблудата, како што тоа му се случи на своевремено познатиот американски новински коментатор Волтер Липман, самото поседување на информациите да се изедначува со фактичката моќ во општеството. Информацијата, како таква, е сепак само еден од елементите на поседувањето на моќ во општеството, а информираноста е, во крајна линија, резултат и на фактичкото поседување на таква моќ која и го условува степенот на информираноста, а донекаде и ја детерминира и моќта на самите средства за информирање. Оттука, може да се рече дека и за правото, како и за другите сфери на општеството, е потребна информација, но информација која и практично и теориски ќе го осветлува правото, која ќе биде аналитичка, но и синтетичка во исто време, која ќе ги ориентира субјектите во, денес, големиот број на прописи во што, средствата за масовно информирање имаат посебна улога.

[11] Таквите анализи ние ги направивме во рамките на нашиот пообемен труд „Печатот и информирањето за правото во самоуправното општество" (магистерска теза). Накратко, тие анализи ни покажаа дека и покрај релативно добрата покриеност на законодавната дејност со информации, квалитетот на тие информации секогаш не задоволува, особено во поглед на содржинските елементи на информациите и информативните облици кои, притоа, се користат.

*JOVAN KORUBIN*

## LE DROIT DANS LES COMMUNICATIONS DE MASSE

### Resime

Dans cet article il est question du rôle spécifique des masse-médias dans le domaine des regléments juridiques et dans des cadres sociologiques définis. L' accent est mis sur la presse quotidienne informative et sur les traits caractéristiques de l'information juridique.

Le renseignement des sujets sociologiques sur les innovations dans le domaine juridique se fait, dans le cas cité, par la „couverture" des activités judiciaires par des informations adéquates dans ce type de presse. La conclusion est qu'en général,la presse quotidienne informative est au courant des activités judiciaires.

Pourtant, l'auteur insiste sur le fait que ce rôle spécifique de la presse demande une analyse qualitative des informations (comme par exemple : analyse thématique, analyse de la structure interne des informations etc.) à propos de quoi l'auteur cite certains de ses articles où il a fait cette analyse.